**<u>Не се воспоставуваат или одржуваат[1] деловни односи со клиенти што се дефинирани како групи од поврзани правни субјекти што се вклучени во која било од следниве активности:</u>**

**Неетички практики и услови за работа:**

1. Производство или дејности што вклучуваат штетни или експлоататорски форми на принудна работа/штетен детски труд, дискриминаторски практики или практики што ги спречуваат вработените во законитото уживање на нивните права на здружување и колективно договарање;
2. Производство или трговија со дрога;
3. Производство или трговија со оружје (вклучувајќи ловечко оружје) и муниција;
4. Коцкање (вклучувајќи онлајн коцкање), казина и еквивалентни претпријатија;
5. Издавање крипто валути или работење со платформи за менување крипто валути;
6. Проституција и какви било претпријатија чијашто примарна дејност е поврзана со порнографија;

**<u>Дејности што се штетни за здравјето, безбедноста и животната средина:</u>**

7. Производство, употреба или трговија со неврзани азбестни влакна или производи што содржат азбест;
8. Производство или трговија со производи што содржат полихлоринатни бифенили;
9. Производство или трговија со фармацевтски производи, пестициди/хербициди и други опасни супстанции што се предмет на меѓународно прогресивно исфрлање од употреба или забрани;
10. Производство или трговија со радиоактивни материјали (вклучувајќи чување и обработка на радиоактивен отпад), претпријатија или дејности што се поврзани со нуклеарната индустрија или нуклеарни материјали;
11. Неодржлив риболов;
12. Испорака на нафта или други опасни супстанции во танкери што не ги исполнуваат стандардите на Меѓународната поморска организација (IMO);
13. Дејности што вклучуваат испуштање генетски модифицирани организми во природата без одобрение од надлежните органи или кога релевантниот орган се декларирал дека не содржи ГМО;
14. Трговија со дива флора и фауна или производи од дива флора и фауна што се регулирани во CITES;
15. Вршење на дејности за лов;
16. Прекуграничен транспорт на отпад што се забрането во согласност со меѓународното право;
17. Производство или трговија со супстанции што ја уништуваат озонската обвивка и се предмет на меѓународно прогресивно исфрлање од употреба;
18. Неодржлива сеча на шуми;
19. Експлоатација на рудници за дијаманти и комерцијализација на дијаманти кога земјата-домаќин не го почитува договорот од Кимберли или слични меѓународни договори за екстрактивни ресурси;

20. Подземно рударство за експлоатација на метали, јаглен, нафтени шкрилци и други минерали;
21. Производство на дрвен јаглен со други методи освен со методот на реторта (употреба на херметички затворени метални садови)
22. Производство или трговија на кој било производ или дејност што се смета за незаконска во согласност со законите или прописите на земјата домаќин (т.е. националните закони или прописи) или со меѓународните конвенции и договори, вклучувајќи, без ограничување, законодавство или конвенции што се однесуваат на заштитата на биолошката разновидност[21] или културното наследство;

**Правните субјекти што вршат која било од следниве дејности нема да се финансираат:**

23. Репродуктивни клиники и други здравствени установи што се вклучени директно или индиректно во заменско мајчинство (на пр., преку посредување или друго систематско овозможување) или други етички сомнителни медицински третмани, вклучувајќи модификација и манипулација на генетски материјали и митохондријална заместителна терапија и практики што вклучуваат трговија со човечки органи

24. Каков било вид хидроелектрични централи со производствен капацитет поголем од 15MW и акумулациски хидроелектрични централи со големи брани;

25. Дејности во рамките на, блиску или низводно од земјиште каде што живеат домородни народи и/или ранливи групи, вклучувајќи земјишта и водени текови што се користат за дејности за задоволување на сопствените потреби како напасување на стока, лов или риболов;
26. Дејности што може да имаат штетно влијание врз локалитети од културно или археолошко значење;
27. Дејности што вклучуваат недоброволно преселување;

28. Производство или трговија со алкохолни пијалаци (со исклучок на пиво и вино);
29. Производство или трговија со тутун;
30. Дејности во или во близина на назначени заштитени подрачја класифицирани во Категориите I - IV на IUCN;
31. Производители на предмети од пластика за еднократна употреба или на пластични гранулати што се користат за производство на производи чиешто пуштање во промет е забрането во согласност со Директивата (ЕУ) 2019/904 на Европскиот парламент и на Советот
32. Проекти и дејности поврзани со јаглен